SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

# АЕРОДРОМ ЗА МЛАДИТЕ

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ




Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

National Youth Council of Macedonia

INTERNATIONAL FOUNDATION FOR ELECTORAL SYSTEMS · IFES · 30 Years
Global Expertise. Local Solutions. Sustainable Democracy.

## Контекст

Според повеќе домашни и странски истражувања, се смета дека младите во Македонија се незадоволни од општите состојби во општеството. Според Европскиот младински форум, Македонија е рангирана на 49 место според можностите за напредок на младите.[1] Како општина, Аеродром се смета за релативно млада општина (со поголем процент на помладо население), но учеството на младите во избори и креирање политики е на незадоволително ниво. Од постоечките 27 советници во општината, само двајца се млади.

Фокусот на политиките за млади во рамки на општината, според постоечки анализи, е на ниво кое не ги задоволува ветувањата на ниту една општинска администрација до сега. Повеќе досегашни општински администрации имаат ветувања за нова гимназија во Аеродром, изградба и реконструкција на основни училишта, културни домови (кино, театар, итн), игралишта за деца и млади, паркови и друга инфраструктура. Сепак, за општина со повеќе од 100000 жители, фактот дека има недостаток на спортски, културни или инфраструктурни објекти од поголемо значење е поразителен.

## Хипотези

Политиката има влијание на локално ниво (преку ветувања, очекувања, исполнување на дадени ветувања пред избори и по тоа).

Младите се незадоволни од понудата на општината во врска со проекти, мерки и политики за млади.

Во креирањето на политиките за млади треба да биде слушнат гласот на младите.

## Методолошки пристап

Оваа студија на случај во голема мера се базира на анкетно истражување спроведено од страна на агенција за испитување на јавното мислење – Market Vision – која има долгогодишно искуство во областа на испитување на мислењата на граѓаните. Анкетирањето беше спроведено од 23 февруари до 01 март 2021 година со употреба на CATI метода – телефонско анкетирање со помош на компјутер, на примерок од 600 испитаници (статистичка грешка: +-3%; интервал на доверба:95%). Примерокот вклучуваше жители на

---

[1] https://www.youthforum.org/sites/default/files/page-pdfs/Youth%20Progress%20Index%20Results.pdf пристапено на 22.03.2021

Општина Аеродром на возраст од 18 до 29 години. Истражувањето на јавното мислење го стратификуваше примерокот според пол (машки 49,8% и женски 50,2%), и според локација во рамки на општината според распоредот на населението во истата. Испитаниците беа избрани по случаен избор во врска со нивната возраст (во рамките на дефинираната група), националност, брачен статус, образование, и време на престој/живеење во општината.

**Клучни показатели**

- Загадувањето на воздухот е најалармантниот проблем со кој се соочуваат младите во општина Аеродром

Испитаниците имаа за задача да посочат прв најважен проблем со кој се соочуваат во општина Аеродром. Над 32% од нив сметаат дека загадувањето на воздухот претставува најважен проблем. На второ место се урбанистичките прашања со повеќе од 37%, и тоа недостатокот на паркинг како најголем проблем и интензивната урбанизација. Она што зачудува, е што во оваа прва група проблеми спаѓа и нискиот степен на чистота и неефикасната комунална хигиена, што не би требало да се случува кај општини од урбан градски карактер како Аеродром.



Доколку понатаму се анализираат резултатите, загадувањето на воздухот се смета и за клучен втор проблем наведен од испитаниците кои за прв најважен проблем сметале дека е некој од другите посочени проблеми. Во најголема мера како втори најважни проблеми се јавуваат истите оние кои биле посочени и како први. Исто така, сите испитаници беа запрашани колку сметаат дека е сериозен проблемот со загадувањето на воздухот, каде 76% одговориле дека проблемот е **многу сериозен**.

Испитаниците беа замолени и да одговорат на прашањето да се оцени состојбата во неколку клучни области за локалното живеење, од функционирање на снабдувањето со струја, водовод и канализација и централно греење; преку редовен јавен превоз, достапност на велосипедски патеки и простор за рекреација; па се до соодветно одржување на улиците, зелени површини, степен на чистота, ефикасност на комунална хигиена, урбанизација и достапност на паркинг простор, како и чистота на воздухот. И тука, најлошо рангирани се ефикасноста на комунална хигиена, урбанизацијата и (не)достапноста на паркинг простор, а на самиот врв е чистота на воздухот (60% многу лоша, 33% лоша). Тоа би значело дека младите во Аеродром се задоволни од основните потреби за локалното живееење (со исклучок на комуналната чистота), но бараат повеќе во врска со грижата за урбаниот хуман простор и чистотата на воздухот.

Она што би претставувало интересно е да се изработи ново истражување во периодот на месеците јуни-јули кога загадувањето на воздухот е ниско, сè со цел да се види расположението на луѓето. На тој начин, ќе се забележи дали загадувањето на воздухот за граѓаните претставува цикличен или перманентен проблем.

- Младите родители се генерално задоволни од состојбата со градинките и училиштата

Од сите анкетирани млади жители на општина Аеродром, 34,5% одговориле дека имаат деца кои посетуваат градинка или училиште. Бидејќи тие се сметаат за најрелевантни да одговорат за состојбите во училиштата и градинките, им било поставено прашањето за задоволство со состојбата со воспитно-образовните институции. Најголем дел од испитаниците се согласуваат дека образовните институции во општината имаат добар квалитет на условите за претшколско, основно и средно образование, и тоа: 16,9% сметаат дека градинките имаат многу добар квалитет, а добар 33,8%; за училиштата 14,5% сметаат дека имаат многу добар квалитет, додека 37,2% сметаат дека имаат добар квалитет.

- Најголемо задоволство од нови паркови

Доколку младите се прашуваат да изберат кој е најдобриот проект на сегашната општинска администрација, 31,2% одговориле дека тоа би биле новите паркови, додека 25,3% сметаат дека тоа се реновирањето на училишта/градинки или изградба на нови. Она што е методолошки интересно е што 26% од испитаниците не можат да се сетат на ниту еден проект реализиран од сегашната општинска администрација.

- Искуството на испитаниците кои користеле услуги на администрацијата во општината е различно

Од испитаниците кои имале контакт со Општината, околу 33% од нив имале лошо искуство и околу 30% имале добро искуство. Анализирајќи го задоволството од општинската администрација, евидентно е дека најголем дел од испитаниците не се задоволни од работата на советот и градоначалникот на општината. 58,5% од младите целосно или делумно не се задоволни од работата на Градоначалникот Златко Марин, додека 53,2% од Советот на Општина Аеродром. Причините за ваквата состојба најверојатно треба да се бараат во прашањето за (не)исполнетите очекувања, каде најголем дел од испитаниците (57,5%) се изјасниле дека градоначалникот не им ги исполнил очекувањата од пред изборите. Затоа, и на тезата дека општина Аеродром е пример за функционална општина, средната оценка е 4,25 од максимална оценка 10.

- Ковид – 19 донесе нови проблеми за младите во Аеродром

Поради настанувањето на пандемијата, значајни се и прашањата за справувањето на граѓаните со здравствените и економските последици од Ковид-19. Дури 15% од испитаниците одговориле дека во изминатата година тие или член на нивното семејство изгубиле работа. Сепак, 65% од испитаниците кажале дека никој од нивното семејство не добил никаква државна помош за справување со последиците од пандемијата.

Според ставовите, постои големо разочарување од справувањето на Владата со здравствените и економските последици од пандемијата. Над 41% сметаат дека справувањето со здравствени аспекти на пандемијата било неуспешно, и 26% сметаат дека било многу неуспешно. Во врска со економските последици, процентите се слични и одат до 41,7% кои сметаат дека Владата се справила неуспешно со економските последици, додека 23,2% справувањето го оценуваат како многу неуспешно.

- Младите се разочарани во врска со вработувањето и генералните тенденции на државата

Преку поголема низа прашања може да се забележи констатацијата дека младите се повеќе се разочаруваат од околината во која живеат. Само 13,7% од испитаниците сметаат дека нашата земја се движи во позитивна насока, додека во негативна сметаат дека одиме 38,3%. Генералниот став сепак е дека најголем дел од испитаниците не се задоволни од ефикасноста на работењето на Владата, повторно затоа што најмногу Владата не ги исполнила нивните очекувања од пред изборите.

Речиси половина од испитаниците (48,7%) изјавиле дека за да просперира млад човек во денешно време мора да припаѓа на партија или да има роднини и пријатели на високи




позиции, односно фактори неповрзани со неговите квалификации. Главен проблем на национално ниво, според испитаниците, е нефункционирањето на правниот систем во земјата, криминалот и корупцијата. Корупцијата, очигледно, се покажува дека ги еродира сите пори и уништува секаква надеж кај граѓаните Понатаму, со 23,3% следуваат невработеноста, како и неповолната економска ситуација, со 22,2%.

Очекувано, со оглед на кризата, трет најзначаен проблем покрај лошата состојба во правниот систем и економијата, според испитаниците е нефункционалниот здравствен систем.

Во врска со некои области во кои младите од општина Аеродром, сè уште полагаат надежи, тоа се: образованието, инфраструктурата, меѓународните односи и социјалната зашита.

- Младите не учествуваат во општествените процеси и носењето одлуки

Од особена важност за истражувањето беше аспектот на учество на младите луѓе во општествените процеси, нивниот општествен активизам и учеството во носењето одлуки. За жал, само 20% од испитаниците гледаат своја улога во понатамошното подобрување на процесите и состојбата во државата. Тоа значи дека младите не се повикани, ангажирани или поттикнати од институциите на системот да го заземат значајното место кое го имаат во градењето на општината во која живеат. Надополнето со фактот дека речиси половина од испитаниците (48,7%) изјавиле дека за да просперира млад човек во денешно време мора да припаѓа на партија или да има роднини и пријатели на високи позиции, се заокружува сликата на апатичност во општествениот ангажман на младите.

**Заклучоци**

Од изведеното истражување, но и од бројни други истражувања на локално и централно ниво, останува фактот дека прв приоритет на централната и локалните власти мора да биде изнаоѓањето на соодветни решенија за **справување со загадувањето на воздухот**. Иако се работи за повеќегодишен комплексен феномен кој опфаќа граѓани, компании, институции и организации од најразлични нивоа, брз и сеопфатен пристап е нешто кое го очекуваат граѓаните, но особено младите.

Понатаму, Општина Аеродром, како урбана општина која достигнува значителни нивоа на развој, мора да ги следи препораките за одделување 0,1% од својот буџет за подобрување на состојбата на младите. Како интервентен приоритет може да се наведе отпочнување широк процес на консултации за донесување на **Локална стратегија за млади** и Акциски план за реализација како стратешки документи со кои се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

Во поглед на носењето на одлуки кои се однесуваат на политики со таргет млади, од исклучителна важност е **засилено учество на младите** во елаборацијата, дебатите и носењето одлуки. Младите треба да бидат повикани да земат учество во креирањето и

реализацијата на политики на локално ниво – особено во областите кои се од нивно значење. За тоа е потребен проактивен пристап. Потребно е општинската администрација да направи дополнителни напори во привлекувањето на млади луѓе да бидат активни во носењето одлуки. За таа цел, во периодот кој следи, но најмногу по локалните избори, општина Аеродром треба **во целост** да ги исполни законските обврски од Законот за младинско учество и младински политики, и тоа:

- Инцирање на формирање Локален младински совет на општина Аеродром (кој постоеше до 2017 година со никулци на локален младински ангажман);
- Формирање канцеларија за млади од каде се координира работата за млади во општината, и која претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво;
- Назначување службеник за млади, изнаоѓање партнери за формирање Младински центар во општина Аеродром.

На крајот, зацртаните ветувања мора да се реализираат. Предизборните програми на партиите и кандидатите треба да бидат базирани на **кредибилни факти и докази**, а решенијата кои ќе бидат понудени треба веднаш по изборите да станат работни програми на целокупната општинска администрација. Градоначалниците и Советите потребно е да се водат од три клучни зборови во постапувањето: ВКЛУЧЕНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ОТЧЕТНОСТ. Вклученоста значи поголем удел на граѓаните (а во овој случај на младите) во креирањето и предлагањето мерки, во мониторингот на нивната реализација, но и во евалуацијата на ефектите од секоја предложена и имплементирана мерка. Транспарентноста во работењето, како што анализираат и многу постручни трудови, претставува клуч во ефикасното и посветеното работење. Во таа смисла, граѓанските организации и граѓаните воопшто ќе ја имаат можноста да бидат „куче-чувар“ во правилното и целисходното работење на општината и нејзините претставници. На крајот, отчетноста треба да биде континуирана и фазна. Тоа значи дека треба да се изберат начини на кои избраните функционери и јавната администрација континуирано ќе известува за постигнатите резултати. Уште повеќе, на определен период, а и по завршувањето на мандатот за кој се избрани, функционерите се должни да дадат отчет за сработеното во тој период.

Автори на студијата: Петар Миовски, Советник во Совет на Општина Аеродром

Стефан Андоновски, ПИАЦ на ВМРО-ДПМНЕ

Љупчо Ристески, имплементатор на проект

Техничка подготовка и дизајн: ЛИОН КОНСАЛТИНГ, ДОО Скопје

Овој производ е изработен во рамки на проектот „Поддршка на изборни реформи" на Швајцарската амбасада/Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), имплементиран од ИФЕС и НМСМ. Искажаните ставови, мислења и содржини во овој производ не ги отсликуваат оние на донаторот, проектот или имплементаторите.